# СТРАТЕГИЈА ЗА Е-УЧЕЊЕ

**Верзија: 4.2.2.**

**Датум: 12.11.2019**

**Измени во однос на претх. верзија:**

| | **Изработил:** | **Контролирал:** | **Одобрил:** |
|---|---|---|---|
| 1. Стратегија за е- учење | М-р Ангела Миленковска | Сашко Граматниковски,<br>декан на факултет за туризам | Ректорска управа |
| | | | |
| 2. | | | |
| | | | |
| 3. | | | |
| | | | |
| 4. | | | |
| | | | |

**Вовед**

Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје дава подршка и го поттикнува е-учењето, односно примената на информатичките технологии во учењето и обучувањето на сите нивоа на универзитетското образование.

Е-учењето е составен и интегриран дел на процесот на универзитетското образование. Системското воведување на е-учењето придонесува за квалитетот на универзитетското образование преку создавање на опкружување во кое се поттикнува и овозможува активна соработка помеѓу професорите и студентите. Со воведување на е-учењето се унапредува и научноистражувачката работа и се отвора простор за програмите на доживотно учење, се остваруваат позначајни општествени улогии се зголемува конкурентноста на Универзитетот во домашното и меѓународното опкружување.

Е-учењето претставува синоним за новото, модерно и квалитетно образование. Технологиите на е-учењето воопшто и информатичките и комуникациските технологии се катализатор на интеграциски процеси на Универзитетот и ефективно средство за остварување на квалитетни промени особено во спроведување на Болоњската декларација на Универзитетот.

Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје и неговите факултети се грижи за одрживост на развојот на е-учењето, на начин што ги обезбедува потребните предуслови, пред се преку системско планирање на активностите и обезбедување на ресурси за примена на е-учењето, преку континуирана подршка и вреднување на работата на наставниот кадар, преку изградба и одржување на техничка инфраструктура, како и преку поттикнување, изработка и промоција на квалитетни обарзовни материјали за е-учење

Со воведувањето и примената на е-учењето на УТМС се стреми да да се оставарат дефинираните стратешки цели:

- Унапредување на квалитетот на универзитетското образование
- Овозможување на наставниците и студентите остварување на нови улоги во образовниот процес
- Зголемување на конкурентноста на студиските програми на универзитетот
- Оспособување на студентите за примена на технологијата на доживотно учење.

Со оваа стратегија се планира реализирање на низа активности внатре во одделни подрачја на стратешко делување:

- Унапредување на формално-правно и организацско опкружување, обезбедување на одрживост на развојот
- Развој на човечките потенцијали
- Подршка на наставниот кадар
- Подршка на студентите
- Развој на наставните програми
- Развој на основната и спесифичните инфраструктури.

УТМС промовира единство на наставната и научноистражувачката работа, поставувајќи ја како приоритет грижата за обезбедување на врвен квалитет на академски развој на студентите. При тоа ја препознава потребата од поттикнување и планирање на воведување на квалитативни промени во организација на образовниот процес и изведување на наставата, со што се сака да се смали расчекорот помеѓу она што се

стекнува со формалното и традиционално образование и она што се барања и потреби на современиот пазар на трудот, стопанството и општеството втемелено на знаење.

Силен предизвик на УТМС е поинтензивно да се вклучи во континуирано доживотно образование на граѓаните на Македонија, но истотака и да се соочи со конкуренцијата и предизвиците националниот но и на глобалниот пазар на образованието.

Појдовна основа на оваа стратегија претставува следната дефиниција:

Е-учењето (angl. E-learning) е процес на образование (процес на учење и обучување) со применана унформациските и комуникациските технологии, кои проднесуваат за унапредување на процесот на образованието и квалитетот на резултатот од образованието.

УТМС применува модел на е-учење кој подразбира комбинација на класична настава во училница и настава со примена на напредните можности на ИКТ (информациски и комуникациски технологии), пристап кој е прилагоден на потребите на програмите и на реалните можности и потреби на студентите и наставниот кадар.

Примената на информатичките технологии допринесе за премостување на просторните бариери пред се, а со тоа и до висок степен на ефектуирање на времето како фактор на делување на човекот. Во сферата на образованието примената на информатичките технологии претставува своевидна револуција, ја зголеми достапноста на ресурсите и ги зголеми можностите за избор.  Новите технологии отвораат нови можноси за доживотно учење првенствено на студентите, од секаде во светот, но и на сите старосни групи на популацијата како шанса да се стекнат со дипломи и сертификати скоро на секој online универзитет во светот.

**Предности на учењето на далечина**

Е-учењето поради низата предности и каратеристики поставува приоритетен начин на образование во светот. Голем придонес за тоа има револуционерниот развој на компјутерската  технологија и интернетот. Предностите се големи за двете страни учесници во процесот на образование според овој концепт, како што се:

- Можност студентот да студира надвор од местото на своето домување, па дури и надвор од границите својата држава, а при тоа да не мора да престојува во местото на образовната институција, со што значително **се намалуваат трошоците на студирањето**
- Можност студентот да заснива работен однос за време на студирањето и независно од местото на студирање
- Надминување на спреченост да посетува традиционално изведена настава, поради трајни или привремени физички проблеми по здравјето, болест или инвалидитет.
- Самоорганизирање на времето за учење, што резултира со повисока мотивација, планирање на времето и повисоки резултати
- Многу компании се одлучуваат да го користат овој концепт на образование на своите кадри, бидејќи се значително штедливи од аспект на време и пари
- Системот на комуникација и информирање овозможува полна дискреција на сите учесници во процесот на студирање на далечина, преку елементи на синхрона и асинхрона комуникација.

Е-учењето не е алтернатива на постониот образовен процес, туку претставува негов составен дел, односно негова надградба и унапредување. Со неговото воведување добива на значење наставниот кадар, како ментори, координатори и поттикнувачи на

образовниот процес. Е-учењето овозможува во фокусот на образовниот процес да биде студентот односно корисникот на услугите на тој процес, кој превзема и има активна улога и одговорност за исходот на образованието.

На крајот, е-учењето претставува висококвалитетен процес во кој наставниците и студентите активно соработуваат со цел  постигнување на утврдените образовни цели.При тоа интензивно ја користат ИКТ за создавање на прлагодливо виртуелно опкружување во кое развиваат и користат мултимедијални интерактивни задолжителни материјали, остваруваат меѓусебна комуникација и соработка, сртудентите извршуваат поединечни или групни задача и проекти, и спроведуваат континуирана самоевалуација и проверка на знаењето.

**Визија**

Универзитетот за туризам и менаџмнет Скопје е ориентиран кон пристап кој подразбира активен партнерски однсос на наставнникот и студентот, прилагоден на особините и потребите на секој студент со јасно дефинирани образовни цели и јасно насловени одговорности за постигнување на целите.

Информациската и комуникациска технологија хармонично е применета во образовниот процес на начин што на настаниците и студентите им овозможува комуницирање и ефективна соработкавнатре во целината на виртуелното опкружување за учење и обучување.

Процесот на образование е оптимална комбинација на класична настава во училница и настава со понош на ИКТ. Резултатите од универзитетското обазование се ускладени со напредните потреби на современото општество.

Вештините стекнати во тркот на студирањето претставуваат основа за доживотно образование и понатамошно сомостојно учење и научно потврдено и колектирано толкување на податоци и информации.

**Мисија**

Системското воведување на е-учењето  придонесува за квлитет на универзитетското образование преку создавање на амбиент во кој се поттикнува и овозможува активна соработка помеѓу настаниот кадар и студентите.  Со воведувањето на е-учењето се остварува позначајна општествена улога и зглемена конкурентност на Универзитетот во домашниот и меѓународниот образовен простор.

**Стратегиски цели**

Со воведувањето и примената на е-учењето на УТМС се стреми да да се оставарат дефинираните стратешки цели:

- Унапредување на квалитетот на универзитетското образование
- Овозможување на наставниците и студентите остварување на нови улоги во образовниот процес
- Зголемување на конкурентноста на студиските програми на универзитетот
- Оспособување на студентите за примена на технологијата на доживотно учење.

**Универзитетот како приоритет ја поставува грижата за обебедување на врврн квалитет на акаденмскиот развој (чекор за 2013)**

## 1. Унапредување на квалитетот на универзитетското образование

Обезбедувајќи пристап до квалитетни образовни содржини, електронски библиотеки, архиви и музеи, обезбедувајќи достапност до мултимедијални и интерактивни содржини, виртуелни лаборатории, овозможувајќи симулациски експерименти, е-учењето непосредно придонесуваза квалитет на образовниот процес.Овозможувајќи поттикнување на поинтензивни меѓусебни комуникации и интеракции помеѓу наставниците и студентите, но и помеѓу студентите, и помеѓу наставниците, понатаму на наставниците и студентите со експерти надвор од Универзитетот, истотака придонесува за унапредување на квалитетот на образованието.

Е-учењето ги унапредува можностите за индивидуализација на наставниот процес, вклучително и можности студентот да влијае врз динмиката на учењето и можност за самопроверување на знаењето. На тој начин се овозможува и поттикнува развој на индивидуалните способности и се посигнуваат највисоки ефекти во образованието.

Е-учењето бездруго неминовно создава амбиент во кој студентите стекнуваат нови вештини , значајни за нивната понатамошна работа и делување, како што се проекти и тимска работа, комуникациски вештини, истражувачки пристап на решавање на проблеми исл., па е- учењето и на таков начин придонесува за целовитоста и квалитетот на исходот на образованието. Се поттикнува и развива студентската креативност и истражувачка работа, а образовниот процес се усмерува не само на пренос туку и на продуцирање на знаење.

*Треба да се овозможи на студентите да станат рамноправни учесници во образовниот процес.....наставникот се појавува како координатор на образовната активност, кој ги поттикнува студентите на размислување за проблемите, на развивање на креативен пристап и ктитичко размислување за академската дисциплина, но и за пошироките општествени импликации од примена на одередени научни достигнувања (Чекор 2013)*

## 2. Овозможување на наставниците и студентите остварување на новите улоги во образовниот процес

Е-учењето го олеснува и поттикнува интензитетот на комуникацијата помеѓу настваниците и студентите, овозможува времето на личниот контакт помеѓу наставникот и студентот да се усмери на најквалитетни и најпродуктиви облици на ефекти од образованието. Со тоа се создава простор наставникот да ја оствари својата нова улога на ментор и го координира образовниот процес, а при тоа студентите да имаат улога на креативни пратнери во пренесување , но и во продуцирање на знаење и истражувачка работа.

Образовниот процес постанува потранспарентен за студентите и јавноста, со оглед да е-учењето подразбира јасно дефинирана динамика и термини на образовниот процес, како и јасни услови и критериуми за напредување и остварување на формалните резултати во образовниот процес.

Важна претпоставка на ваквиот модел на образование "усмерен на студентот" е ангажиран и активен наставник и одговорен студент, заинтересиран првенствено за квалитет на знаењето и вештините кои ги стекнува во текот на образованието на Универзитетот.

*Универзитетот го гледаме како главен носител на системот на доживотното учење во општеството усмерувајчи се на засилување на постдипломските програми релевантни за општествениот развој, а воедно привлечни и конкурентни и на европскиот простор (чекор 2014)*

## 3. Зголемување на конкурентноста на Универзитетот и универзитетските студиски програми

Зголемениот квалитет на образование и модернизација на образовниот процес, кои ги овозможува е-учењето, сами по себе придонесуваат за угледот на Универзитетот и повисока конкурентност на универзитетските програми како во домашното така и во меѓународното опшружување.

Е-учењето овозможува процесот на образование да се организира ефикасно како и ефикасно да се користат сите расположиви ресурси, како човечки, така и материјални и финансиски. Примената на информациската и комуникациската технологија овозможува интеграција на деловниот и образовниот систем на Универзитетот, но и повеќекратно користење на квалитетни образовни материјали и содржиништо истотака придонесува за ефикасно делување на Универзитетот.

Е-учењето истотака ги чини студиските програми лесно достапни на постојните но и на новите групи студенти, како од Македонија, така и од светот.Е-учењето го олеснува пристапот на Универзитетот до образование на студентите со посебни потреби, како и на специјални групи студенти, нпр. спортисти.

Примената на е-учњето овозможува поактивно и поинтензивно вклучување на Универзитетот во програмите за доживотно образование. Понатаму овозможува соработка со други универзитети, во Македонија и во светот, со што се олеснува односно условува појава на заеднички студиски програми или нивни елементи. ИКТ може ае користатза поттикнување и ефикасно овозможување на мобилност на студентите и наставниците.

## 4. Оспособување на студентите за користење на технологијата за доживотно учење (чекор за 2015)

Е-учењето недвосмислено претставува една од темелните технолошки но и педагошки платформи за програмите на доживотното учење. Потврда за тоа е се поголемата застапеност на е-учењето во развиените стопански сегменти и општества. Според тоа способноста на активносто учење со примена на технологијата на е-учењето постанува елемент на општа писменот во општество на знаењето, додека активното запознавање на студентите со е-учењето постанува обврска на секој модерен образовен систем и задача на секој модерен Универзитет.

Кога станува збор за учење е-учењето вообичаено се користат универзални (меѓународни) термини како: **Distance Learning, Distance Training, Distance Education**.

Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, согласно својата деловна стратегија и и стратегијата за доживотно учење, оваа стратегија и квалитетниот меѓународно применет и препознатлив систем на делување во сферата на високото образование, успешно применува систем на учење на далеченина. Разгранетотоста на системот за учење на далечина технички е подржана од централен сервер и кадровски од соодветен стручен профил, и истиот се применува во повеќе центри во земјата

(Крушево, Битола, Ресен, Велес, СВ.Николе, Струмица, Тетово), во Белград и други места надвор од Република Македонија.

Системот на учење на далечина вообичаено се поврзува за развиените земји и средини од една страна, а примената на истиот допринесува за убрзан и хомогиенизиран развој на економијата во тие земји од друга страна.

Примената на начин на образование базиран на концептот учење на далечина Универзитетот го доближува до поголем број корисници на услугите во сферата на образованието, а на самите корисници им овозможува остварување на инаку неостварливите лични и професионални амбиции, при што истовремено ја унапредува општествената заедница како најблиско опкружување.